Еко свест

## Јавна реакција на Еко-свест : Природата не ни е за распродажба !

Природата во нашата земја не се зачувува вистински бидејќи власта гледа на заштитените подрачја како на ресурс кој треба да се искористи, а не да се заштити за следните генерации. **Загрижени сме бидејќи бизнис интересите се ставаат пред јавниот интерес!**

Во изминатиот период државата поттикна заштита на природата преку прогласувањето на нови заштитени подрачја, изготвување на нови студии за валоризација на вредностите како и нови планови за управување на заштитените подрачја. Тоа е за поздрав и претставува напредок. Заштитените подрачја изобилуваат со уникатни природни богатства и се дом на ретки и ендемични животински и растителни видови. Природата е и извор на чиста вода, воздух и храна за сите луѓе и е важен дел од животот на локалните заедници, поврзана е со културата и традицијата.

Но, државните институции не се „на иста линија“ , а на тоа укажува тоа што прогласуваат подрачја за заштита и истовремено планираат инфраструктурни проекти на нивната територија кои неминовно значат нивно уништување.

**Повеќе примери кои ја покажуваат тенденцијата да се распродаде нашата природа:**

1. Планови за **фотоволтаични електрани на подрачјето на Долна Брегалница,** Емералд подрачје под заштита на Бернската конвенција и идно Натура2000 согласно Европските директиви.
2. Одлука за **проширување на локален пат и изградба на граничен премин со Република Косово** на подрачјето Луково Поле во **Националниот парк Маврово**, додека паркот се уште не е прогласен согласно закон и нема утврдени зони за заштита и план за управување.
3. **Најави за изградба и проширување на ски-центри во националните паркови Маврово и Шар Планина**, во период кога Маврово сè уште не е ре-прогласен и нема утврдени зони и план за управување, а Шар Планина нема одобрен план за управување.
4. Повторни **барања за изградба на мали хидроцентрали во НП Шар Планина**, во период кога Паркот чека усвојување на планот за управување со кој се забранува ваква активност на неговата територија,
5. Доделување на **градежни дозволи и нелегални градби во НП Маврово** додека Паркот се уште не е ре-прогласен и нема утврдени зони и план за управување,
6. Проект за изградба на **ветерни паркови на Бистра** на висина од 2100 метри, веднаш до границата на НП Маврово, на карстен предел кој обезбедува **вода за пиење за над 150000 жители**.
7. Изградба на **ветерен парк Рамно** во општина Старо Нагоричане **во близина на Емералд подрачјето „Пчиња- Герман“**, Значајно подрачје за птици (ЗПП) и Клучно подрачје на биодиверзитет (КПБ)- „Река Пчиња- река Петрошница- река Крива Река“.
8. План за изградба на **хидроелектрична централа „Чебрен“ на територијата на заштитено подрачје Скочивирска клисура** и локалитетот Мариово кое е Емералд подрачје заштитено според Бернската Конвенција и идно Натура2000 подрачје согласно Европските директиви, Значајно подрачје за птици, Значајно растително подрачје и Клучно подрачје за пеперутки.
9. Проект за изградба на **фотоволтаични електрани на подрачје со халофитни (солени) почви во Овче Поле**, идно Натура2000 подрачје согласно Европски директиви.

Дополнително, **НП Маврово веќе 11 години чека на репрогласување и донесување на нов план за управување**. Процесот се закочи поради „кроењето“ на зоните за да на сметка на природата се реализираат двата хидропроекти Бошкот Мост и Луково Поле, а потоа и се доделија бројни концесии за мали хидроцентрали во забранети зони. Поради доделените концесии долги години немаше придвижување на постапката и Паркот работи без закон и план.

**НП Галичица** недамна се огласи со информација дека **се вршат притисоци за вработување на шумски инженер и порај тоа што Паркот повеќе не се бави со сеча на дрво**. Галичица е пример за самофинансирање преку екосистемски услуги, но добива поддршка исклучиво од меѓународни донатори, а не од државниот буџет, како што е пропишано во законот.

**НП Шар Планина функционира без план за управување** кој од септември минатата година не се одобрува и **го оневозможува Паркот да ја врши својата дејност.** Во меѓувреме, се вршат притисоци за издавање позитивно мислење за хидроцентрали и ски центри, а се објави и информација за планот за изградба на регионален пат и тунел низ паркот.

**Националните паркови** и заштитените подрачја **ниту се финансираат од државата, ниту имаат соодветни одржливи и ефикасни модели на финансирање и управување**. Исклучок од ова правило е новиот национален парк Шар Планина кој за прв пат доби средства за работа од националниот буџет.

**Само 14% од територијата на нашата држава е под заштита**. Инфраструктурните проекти можат да се изградат и онаму каде нема природни вредности и реткости.

Еко-свест порачува: **Нашата природа не е на распродажба**! Повикуваме на укинување на сите инфраструктурни активности со неповратно или штетно влијание врз природата. Истовремено, бараме сериозност и посветеност од страна на институциите во исполнување на нашите и меѓународните закони за заштита на природата и заштита на јавниот интерес на граѓаните.

Со почит,

Центар за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест“

За повеќе информации:
072 726 104
ana@ekosvest.com.mk

070 206 451
simona@ekosvest.com.mk